Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

ПРОТОКОЛ ЗА УЧЕНИЦИ

1. Пред доаѓање на училиште

- Доколку пред доаѓање на училиште имате покачена телесна температура не е дозволено доаѓање во училиште, и во тој случај се јавувате кај одделенскиот раководител и кај вашиот матичен лекар со цел да се донесе одлука за понатамошно постапување.
- Ако имате некој од следниве симптоми - знаци на можна инфекција со КОВИД-19 (не треба да доаѓате на училиште, а родителот е должен да контактира со одделенскиот раководител и матичниот лекар за понатамошно постапување) :
  • покачена телесна температура (под пазуви> 37,2oC)
  • симптоми на респираторна болест - кашлица, отежнато дишење, воспалено грло
  • пореметување на чувството за мирис и вкус
  • гастроинтестинални тегоби (дијареја, повраќање и абдоминална болка).

2. Доаѓање на училиште

- Учениците доаѓаат и одат сами на училиште, во придружба на родител / старател / образовен / личен асистент, со организиран или јавен превоз.
- Превозниците кои вршат превоз на ученици ги почитуваат и применуваат протоколите за превоз на патници.

3. Влез во училиште

- Училиштето, за влез и излез на учениците стави во функција повеќе влезови и изготви распоред за влез/излез со различно време на влегување и излегување на учениците за секое одделение во временски интервал од 10 минути.
- Визуелниот распоред за Ваше влегување во просториите на училиштето ќе биде истакнат на web страната на училиштето, како и на влезовите на училиштето. Ве молиме да се запознаете со распоредот пред доаѓање на училиште!
- Пред влезот во училиште, при доаѓање или заминување на учениците, задолжително е одржување на физичка дистанца и запазување на минимум потребното растојание од 1,5 метар. Не е дозволено задржување на родителите, нити на учениците во училишниот двор
- Во училиштето протокот на ученици во и надвор од училиштето се одвива по строго контролиран ред. Учениците ги следат поставените ознаки кои го означуваат правецот на движење и го запазуваат минимум потребното растојание од 1,5 метар при чекање ред пред и внатре во училиштето.

Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

- Училиштето обезбедува систем за еднонасочно движење низ училишната зграда.
- На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи ученикот задолжително да ги дезинфицира обувките во дезинфекционите бариери и да ги дезинфицира рацете со дезинфекциоино средство поставени пред влезовите во училиштето и заедно со ооделенскиот раководител одат до својата училница, во колона, со одржување на растојание од 1,5 метар помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик
- На учениците пред влезот на училиштето, им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на покачена телесна температура (над 37.4°) не се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
- Движењето на учениците во училиштето го контролираат контролори ангажирани од редот на вработените во училиштето кои им помагаат на оние ученици кои имаат прашања и им е потребна поддршка да ги разберат мерките за нивна заштита.
- Учениците при доаѓање и влез во училиште, за време на престојот во училиште и за време на наставата задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар, хигиена (миење раце, кивање/кашлање во ракав или лакт, избегнување да се допира лицето, очите и устата) и носат заштитна маска/покривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.

4. Настава

- Во училиштето наставниот процес се одвива во период од 07:00 часот до 20:00 часот.
- Наставниот час трае 30 минути во наставата со физичко присуство или 30 минути час со 5 минути приклучување за наставата со учење на далечина.
- При настава со учење на далечина работниот ден на ученикот трае од 3 до 5 саати дневно, во зависност од возраст за на учениците и одмор од10 (десет) минути по секој наставен час или активност.
- Наставата со физичко присуство се одржува во предвидени училници за секоја паралелка, со исклучок на наставата по физичко и здравствено образование.
- Наставата во училница се изведува со најмногу до 20 ученици и со обезбедено растојание од 1,5 метар помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик, согласно критериумот број на ученици и оптимална квадратура на училницата, со тоа што секоја паралелка која има повеќе од 18 ученика се дели на две групи и наставата за секоја група се изведува во посебна училница.
- Учениците од една паралелка престојуваат во една училница цел ден и нема кабинетска настава, заради грижа за здравјето на учениците.
- Секој ученик седи сам во клупа.

Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

- Во текот на наставата задолжително е користење на заштитна маска за лице. Секој ученик треба да има резервна маска, во случај на оштетување или прљање на маската.
- Во текот на престојот во училиште, ученикот исклучиво престојува во својата паралелка и не се меша со учениците од другите паралелки.
- Во текот на наставата не е дозволено излегување од училиште.
- Излезот од училница е дозволен во случај на одење во тоалет, и излегување во училишниот двор заради активности на отворено исклучиво под надзор на наставникот.
- Првиот ден од наставата започнува со запознавање на учениците со начинот на реализација на наставата, со обврската за придржување кон пропишаните мерки за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат (правилно носење на маската, да го одржуваат неопходното физичко растојание, правилна хигиена на рацете) заради заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето, за строгата дисциплина при движење во училиштето и сл.
- Одделенските раководители се должни да ги запознаат учениците со Интерните протоколи на училиштето, со Препораките на Комисијата за заразни болести и со Протоколите на Министерството за образование и наука.
- Секогаш кога е можно и дозволуваат временските услови, наставата се реализира надвор од училница во училишниот двор, на отворено (според распоредот за движење во училишниот двор).
- Доколку наставата се реализира на отворено во училишниот двор, се препорачува да не се носат маски/прекривки на лицето, но да се почитува задолжително препорачаната физичка дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик од најмалку 1,5 метри.
- За време на наставата и одморите, со учениците задолжително е присутен одделенскиот наставник кој се грижи за почитување на физичката дистанца меѓу учениците.
- Наставата од далечина ќе се одвива по однапред истакнат распоред. Учениците се должни редовно да се приклучуваат на он-лајн часовите. Доколку ученикот од технички причини неможе да го следи часот, родителот е должен да го извести наставникот.
- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата. За извршената посета и разговор со родителот/старателот се составува белешка.
- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование.

Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

- Проверката на знаењето на учениците се реализира со физичко присуство во училиште, на секое тримесечје по однапред утвреден распоред на паралелки, број на ученици во паралелка и времетраење на проверката, за што Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука ќе подготви посебно упатство за спроведување на проверката на знаењата на учениците.
- Училиштето изготвува распоред за проверка на знаењата на учениците најдоцна две недели пред предвидените термини и истиот го објавува на веб страната на училиштето и на националната платформа за учење на далечина.
- По завршување на процесот на проверка на знаењата на учениците, класниот раководител по електронски пат го известува родителот за постигнатиот успех на неговото дете, утврден на одделенски и наставнички совет.
- Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование.
- Учениците кои немаат пристап до ИКТ или интернет, училиштето изготвува печатени материјали кои ги преземаат родителите во соработка со наставникот/класниот раководител/образовниот асистент. Покрај ова во интерес на децата, училиштето во договор со родителите договараат најбезбеден начин за давање и преземање на учебните материјали, домашните задачи и други училишни обврски за учениците.

5. Појава на симптоми на Ковид-19 за време на настава

- Доколку ученикот развие симптоми на Ковид – 19 за време на настава во училиштето, се преземаат следниве чекори согласно Алгоритамот за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на КОВИД-19:

1. Доколку ученик, за време на престој во училиште, развие покачена телесна температура над 37,5 С° и симптоми карактеристични на КОВИД-19 (малаксалост, кашлица, отежнато дишење, пролив, повраќање и др.) веднаш, со задолжително носење на маска/прекривка, се изолира во посебна просторија – соба за изолација која се наоѓа на главниот влез на училиштето.
2. Додека ученикот е во собата за изолација за него се грижи определено лице назначено од училиштето.
3. Назначеното одговорно лице од училиштето веднаш го известува и повикува родителот/старателот да дојде во училиштето во најкраток временски период.

4. Истото лице стапува во контакт со епидемиолошката служба во надлежниот Центар за јавно здравје и со матичниот доктор/педијатар на ученикот.
5. Во координација меѓу епидемиологот од епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ, матичниот лекар/педијатар и родителот/старателот на детето се одлучува за понатамошната дијагноза/тестирање/третман на ученикот.
6. Епидемиологот од надлежниот ЦЈЗ прави епидемиолошка проценка на ризик за можноста од проширување на инфекцијата во одделението/класот или целото училиште.

6. Ученици со попреченост за време на настава со физичко присуство или настава со учење од далечина

- Учениците со попреченост вклучени во наставата во училиштето им се обезбедува поддршка од страна на наставниците и стручните соработници односно инклузивниот тим.
- Инклузивниот тим за учениците со посебни образовни потреби изработува ИОП прилагоден на начинот на реализација на наставата во училиштето
- Родителите/старателите на учениците со попреченост имаат право да одлучат нивните деца да следат настава со физичко присуство или настава со учење од далечина – од дома.
- Учениците со попреченост кои имаат поддршка од образовен или личен асистент, продолжуваат со поддршката на образовниот процес на учениците во училиштето или во домот на ученикот, одржувајќи постојана комуникација и координација со инклузивниот тим на училиштето и родителите.
- Образовниот асистент во директна соработка со родителот/старателот го договара начинот на поддршка на образовниот процес на ученикот.
- Образовниот или личниот асистент кој се вклучува во паралелката, се придржува на Протоколот за настава со физичко присуство и на интерните протоколи на училиштето, поттикнува физичка дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик и помага во одржување на хигиената на ученикот.

7. Ученици со респираторни, хронични, ретки болести и/или други болести

- Учениците кои имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство, следат настава со учење од далечина.
- Родителот/старателот доставува до одделенскиот раководител медицинска документација и потврда од матичен лекар за здравствената состојба на своето дете.

Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

8. Организација на одморите за време на настава со физичко присуство

- Малиот одмор се користи во траење од 5 минути меѓу часовите и голем одмор во траење од 15 до 20 минути, кој е под задолжителен надзор на класниот раководител/наставник.
- За време на малите одмори учениците нема да излегуваат од своите училници, освен во случај на одење во тоалет.
- Наставникот за време на големиот одмор ќе биде со учениците од паралелката или во училишниот двор.
- За време на одморите задолжително се почитува физичката дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик од најмалку 1,5 метри и мерките за заштита, и да се почитува режимот за еднонасочно движење по ходниците, со цел да се намали колку што е можно повеќе физичкиот контакт меѓу учениците и да се избегне мешање помеѓу учениците од другите паралелки.
- Големиот одмор ќе се организира во различно време, на тој начин што учениците нема да доаѓаат во контакт со учениците од другите одделенија.
- Не е дозволено непотребно задржување на учениците во холот и ходниците на училиштето.

9. Оброк и хигиена на учениците

- На учениците им се препорачува да носат ужинка и вода од дома, затоа што за време на траењето на наставата не е предвидено напуштање на училишниот објект, нити пак носење на храна од страна на родителите за време на настава.
- Учениците носат соодветно спакуван оброк или готов производ од дома кој го консумираат во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската/прекривката од лице во училница.
- Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
- Ученикот го користи посочениот тоалет, а неговата употреба се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот кој е внатре). Редот за влез и излез од тоалетот го контролира наставник – редар.

Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

10. Користење на останати простории во училиштето

- Преминувањето низ заедничките простории е организирано така што додека учениците и наставниците од една паралелка поминуваат во исто време, учениците и наставниците од другите паралелки го чекаат својот ред, притоа учениците не смеат да допираат површини или предмети во просторот каде се движат.
- Спортската сала, библиотеката и други простории во училиштето можат да ги користат само ученици од иста паралелка, такашто да нема можност за мешање на повеќе ученици од различни паралелки.
- Книгите од училишната библиотека, во име на учениците ги подига одделенскиот раководител.
- По враќање книгата не се допира 72 саати до следното издавање.

11. Излез од училиштето

- По завршување на наставата, училиштето, за излез на учениците стави во функција повеќе влезови и изготви распоред за излез со различно време на излегување на учениците за секое одделение во временски интервал од 10 минути.
- Визуелниот распоред за Ваше излегување во просториите на училиштето ќе биде истакнат на web страната на училиштето, како и на влезовите на училиштето. Ве молиме да се запознаете со распоредот пред доаѓање на училиште!
- При заминување секој ученик мора да го напушти училиштето по однапред утврдените правци на движење за излез од училиште во придружба на одделенскиот раководител, при што задолжително е одржување на физичка дистанца и запазување на минимум потребното растојание од 1,5 метар, и носење на заштитна маска.
- По завршување на наставата, наставникот ги испраќа учениците од паралелката до однапред определениот излез и ги предава на родителот/старателот.
- Не е дозволено задржување и групирање на родителите, нити на учениците во училишниот двор.

12. Општи упатства

- Учениците никогаш не смеат да бидат без надзор од наставник.
- Се забрануваат поздравувања со физички контакт меѓу учениците во училиштето.
- Маската е неопходно да се носи правилно, на тој начин што цело време ќе ги прекрива носот и устата.

Општинско основно училиште „11 Октомври“- Центар, Скопје
ул.„ Мирче Ацев“ бр. 102, Скопје тел.(02) 3164551
e-mail: oktomvri11@yahoo.com

- Доколку ученикот нема заштитна опрема(заштитна маска) истата при влез му ја обезбедува училиштето и телефонски го опоменува родителот/старателот.
- Доколку ученикот за време на наставата ја отстранува маската, наставникот треба усно да го опомене. Доколку ученикот истата постапка свесно во текот на денот повеќе пати ја повтори тогаш одделенскиот раководител го известува родителот/старателот и на ученикот му се изрекува педагошка мерка.
- Ученикот кој нема да ги следи инструкциите за движење низ училиштето ќе биде опоменат од задолжениот наставник, а за истото не почитување известен ќе биде родителот/старателот.
- Најстрого се забранува исмејување или навредување во било која форма од страна на ученик спрема друг ученик кои во своето семејство имал,или има,случај на заболен од COVID-19. Во овој случај на повреда педагошката служба на училиштето одржува разговори со ученикот, како и со родителот/старателот. Доколку ученикот и понатаму продолжи со несоодветните постапки се изрекува педагошка мерка.
- Забрањето е да се споделува својот прибор и други лични предмети со дугите ученици (моливи, гумички, острилки и сл.) согласно околностите и дека другарството може да го изразат на други начини прифатливи за сегашната ситуација, пример преку меѓусебно потсетување да ги почитуваат правилата за заштита и правилата во училница и со други соодветни креативни активности преку кои ќе се работи на развивање на чувството на емпатија.
- При одење во тоалет, потребно е да се користи посочениот тоалет, без непотребно допирање на останатите површини во училиштето.
- Важно е редовно да се одржува хигиената – рацете да се мијат со вода и сапун.
- Колку што е можно, неопходно е да се намали било каков физички контакт за време на целиот престој во училиште, како и при влез и излез од училиште.
- Исто така е потребно, колку што е можно, да се одржува физичката дистанца од 1,5 метри.
- При движење во училиштето, потребно е да се почитуваат насоките и правците за движење.
- Не е дозволено задржување во внатрешниот и надворешниот простор на училиштето, а поминувањето е потребно да се скрати на минимум.
- Во текот на наставата не е дозволено излегување од училиштето.

Изготвил: Тим за протокол

Бр. 01-245/5
Скопје, 14.09.2020

ДИРЕКТОР
Даница Блажеска